Врз основа на Законот за волонтерство („Службен весник на Република Македонија“ број 85/2007, 161/2008 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19, 103/21 и 132/25) и Програмата за волонтирање во Собранието на Република Северна Македонија за 2025 година број 01-5124/1 од 22 септември 2025 година, Собранието на Република Северна Македонија во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за пријавување на кандидати за волонтирање во Собранието на Република Северна Македонија за 2025 година**

I. Се повикуваат сите заинтересирани кандидати, да се пријават на јавниот повик врз основа на кој се организира волонтерска работа во Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) за 2025 година.

II. Собранието има потреба од ангажирање на најмногу 20 волонтери, кои треба да ги исполнуваат следниве:

а) Општи услови/квалификации за кандидатите:

1) да се државјани на Република Северна Македонија;

2) да не се во работен однос;

3) да имаат најмалку високо образование (прв циклус студии) или да се студенти во завршна година на студирање на прв циклус на студии;

4) да имаат способност за успешно комуницирање;

5) да имаат способност за добро писмено изразување и истражување и

6) да располагаат со иницијативност, аналитичност и интерактивност;

б) Специфични услови/квалификации на кандидатите:

1) добро познавање на англискиот јазик и работа со компјутери (MS Office, Word, MS Outlook, Интернет) и

2) познавање на општествените (политички, правни, економски и социјални) процеси во земјата.

III. Волонтерската работа трае 4 (четири) месеци, за што секој од волонтерите потпишува договор за волонтирање.

IV. Ангажираните волонтери за време на волонтерската работа даваат поддршка на работата на секторите и одделенијата во Службата на Собранието.

V. Заинтересирани кандидати кои сакаат да се пријават за волонтирање во Собранието, треба да приложат уредна документација која содржи:

1) кратка биографија;

2) мотивационо писмо;

3) копија од уверение/диплома за оние кои имаат завршено високо образование, односно потврда од матичниот факултет за годината на студии кои се посетуваат, со постигнат успех и

4) копија од државјанство.

VI. Потребните документи од точката V од овој повик заинтересирените кандидати можат да ги доставаат до:

1) Писарницата на Собранието на Република Северна Македонија на Бул. „11 Октомври" број 10, 1000 Скопје или

2) по електронски пат на следнава е-маил адреса: oglas@sobranie.mk со назнака:

**„За јавен повик за волонтери во Собранието на Република Северна Македонија"**.

VII. Рокот за доставувањето на потребните документи од точката V од овој повик е 10 (десет) дена од денот на објавувањето на повикот на интернет-страницата на Собранието.

VIII. Селекцијата на кандидатите ќе се врши од страна на Комисија за селекција и избор на волонтери во Собранието за 2025 година, формирана од генералниот секретар на Собранието, врз основа на доставените документи од точката V од овој повик. Кандидатите кои ги исполнуваат условите предвидени во овој повик ќе бидат информирани за времето на спроведувањето на интервјуто во просториите на зградата на Собранието.

IX. Изборот на кандидатите ќе се врши од страна на Комисијата за селекција и избор на волонтери, врз основа на:

1) постигнат успех во образованието;

2) учество на проекти, работилници, студентски програми;

3) општи познавања за работата на Собранието и општи познавања од областа на правните, економските, општествените и политичките науки.

X. При изборот на волонтери кои ќе бидат ангажирани за волонтерска работа, се почитува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници и родовиот баланс.

XI. Дополнителни информации за кандидатите:

1) за време на периодот на волонтирање, организаторот на волонтерската работа на волонтерот му обезбедува и соодветна обука;

2) за давањето на услугите, знаењата и вештините за работи од надлежност на Собранието, ангажираните волонтери имаат право на надоместок на трошоците за храна и трошоците за превоз до и од местото на волонтирањето во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката исплатена во претходната година и трошоците за службени патувања и трошоците за обука доколку за тоа има потреба, во иста висина како и за вработените во Собранието;

3) по завршување на волонтирањето, Собранието и Фондацијата за демократија на Вестминстер не преземаат обврска за вработување на волонтерите;

4) се известуваат кандидатите дека од интернет-страницата на Собранието www.sobranie.mk можат да ги добијат информациите за функцијата, надлежностите и работата на Собранието;

5) волонтерот може да го раскине договорот пред истекот на времето за кое е склучен, со писмена изјава без обврска да ја наведе причината за раскинувањето на договорот, освен во случај кога раскинувањето може да предизвика штетни последици во работењето на организаторот на волонтерската работа или на трети лица, договорната страна е должна писмената изјава за раскинување на договорот да ја достави до другата договорна страна во рок од 5 (пет) дена пред да го раскине договорот.

XII. Овој јавен повик ќе се објави на интернет-страницата на Собранието.
За подетални информации во врска со јавниот повик и постапката за пријавување, како и за прашања и информации во врска со волонтерската програма, заинтересираните кандидати може да се обратат до назначените лица за контакт:

1) Даниела Велковска на d.velkovska@sobranie.mk или
2) Ина Џугуманова на Ina.Djugumanova@wfd.org

Број 04-5657/1
10.11 2025 година
Скопје

**Генерален секретар**
Марина Димовска